Република Северна Македонија

**Министерство за економија**

Сектор за правни работи

Republika e Maqedonisë së Veriut

**Ministria e Ekonomisë**

Departamenti për çështje juridike

Архивски број:15- 3078/2
Скопје, 08-08-2023 2023 година

**Предмет:** Одговор на барање за пристап до информации од јавен карактер

Почитувани,

Во врска со Вашето барање за пристап до информации од јавен карактер доставено до Министерство за економија на ден 31.07.2023 година, заведено под наш број 15-3078/1, по однос на истото Ве известуваме следното:

Законот за заштита на потрошувачите е најзначајниот правен акт од областа на потрошувачкото право, како генерален закон во кој детално се уредуваат правата на потрошувачите. Со овој закон се уредува заштитата на правата на потрошувачите, условите и начинот на заштитата на потрошувачите, условите за трговско работење што се од значење за заштита на правата на потрошувачите, правата и обврските на здруженијата на потрошувачите, како и надлежностите на органите на државната управа во однос на заштитата на потрошувачите.

При тоа, примената на Законот за заштита на потрошувачите не влијае на правата што ги имаат потрошувачите врз основа на други закони.

Законот за заштита на потрошувачите во најголем дел содржи обврзувачки норми што е сосема оправдано ако се има предвид фактот дека негова основна цел е заштита на правата на потрошувачите за остварување на своите права пред трговецот и пред судот.

Numri arkivor:15-
Shkup, ____________ viti 2023

**Lënda:** Përgjigje ndaj kërkesës për qasje në informacione me karakterk publik

Të nderuar,

Në lidhje me kërkesën Tuaj për qasje në informacione me karakter publik të dorëzuar në Ministrinë e Ekonomisë më 31.07.2023, regjistruar me numrin tonë 15-3078/1, në lidhje me të njëjtën Ju njoftojmë si më poshtë:

Ligji për Mbrojtjen e Konsumatorëve është akti më i rëndësishëm juridik nga fusha e së drejtës së konsumatoriëve si ligj i përgjithshëm që rregullon në detaje të drejtat e konsumatorëve. Me këtë ligj rregullohet mbrojtja e të drejtave të konsumatorëve, kushtet dhe mënyrat e mbrojtjes së konsumatorëve, kushtet për veprimtari tregtare që janë të rëndësishme për mbrojtjen e të drejtave të konsumatorëve, të drejtat dhe detyrimet e shoqatave të konsumatorëve, si dhe kompetencat e organeve të administratës shtetërore në drejtim të mbrojtjes së konsumatorëve.

Në të njëjtën kohë, zbatimi i Ligjit për Mbrojtjen e Konsumatorëve nuk ndikon mbi të drejtat që konsumatorët kanë në bazë të ligjeve të tjera.

Ligji për mbrojtjen e konsumatorëve përmban më së shumti norma detyruese, gjë që justifikohet plotësisht po të kemi parasysh faktin se synimi kryesor i tij është mbrojtja e të drejtave të konsumatorëve për të realizuar të drejtat e tyre para tregtarit dhe para gjykatës.


Министерство за економија на Република Северна Македонија
Ministria e Ekonomisë e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Јуриј Гагарин“ бр. 15, Скопје
Република Северна Македонија
Rr. „Jurij Gagarin" nr. 15, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3093 471
www.economy.gov.mk
ISO 9001:2015
CERTIFICATE
Q 1113

ЗАКОН ЗА ЗАШТИТА НА ПОТРОШУВАЧИТЕ УРЕДУВА ОДНОСИ ПОМЕЃУ ТРГОВЦИ И ПОТРОШУВАЧИ B&C: Бизнис кон потрошувачот

Согласно дефиницијата за ПОТРОШУВАЧ во член 3 став (1) точка 34) „Потрошувач" е секое физичко лице кое набавува стоки или користи услуги за целите што не спаѓаат во рамките на неговата трговска, деловна, занаетчиска или професионална дејност;
Во правен контекст, потрошувач е личност, заштитен со Закон за заштита на потрошувачите, која прифаќа понуди кои ги задоволуваат неговите лични потреби, без комерцијална цел.

Со почит,

LIGJI PËR MBROJTJEN E KONSUMATORËVE RREGULLON MARRËDHËNIET MIDIS TREGTARËVE DHE KONSUMATORËVE B&C: Biznes kah Konsumatori

Sipas definicionit për KONSUMATOR në nenin 3 paragrafi (1) pika 34) "Konsumator" është çdo person fizik që prokuron mallra ose përdor shërbime për qëllime që nuk hyjnë në objektin e veprimtarisë së tij tregtare, afariste, zejtare ose profesionale;

Në kontekstin ligjor, konsumator është një person, i mbrojtur nga Ligji për Mbrojtjen e Konsumatorëve, i cili pranon oferta që plotësojnë nevojat e tij personale, pa qëllime komerciale.

Me respekt,

Kreshnik Bekteshi
МИНИСТЕР,
MINISTËR

Министерство за економија - Republika e Maqedonisë së Veriut - Ministria e Ekonomisë - Скопје-Shkup

Изработил/Përpiloi: Верица Поп Ѓорчева, Verica Pop Gjorcheva
Одобрил/Aprovoi: Александра Спасевска, Aleksandra Spasevska
Согласен/Dha pëlqimin: Размена Чекиќ/Razmena Çekiq
Преведе / Përkthue: Amir Zeqiri


Министерство за економија на Република Северна Македонија
Ministria e Ekonomisë e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Јуриј Гагарин" бр. 15, Скопје Република Северна Македонија
Rr. „Jurij Gagarin" nr. 15, Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3093 471
www.economy.gov.mk
ISO 9001:2015
CERTIFICATE
Q 1113

Билјана М.
Правен сектор
31.07.2023

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА
MINISTRIA E EKONOMISË
Скопје-Shkup

| Примено: Pranuar: | 31-07-2023 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.Един. Nj. Org. | Број: Numër: | Прилог: Shtojcë: | Вредност: Vlera: |
| 15- | 2078 | /1 | |

Архивски знак:________________
Рок на чување:__________ год.
________________20___ година
Потпис,
________________

До Министерство за Економија

# БАРАЊЕ

## за пристап до информации од јавен карактер

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Македонија бр. 13/06, 86/08, 6/10, 42/14, 148/15 и 55/16), од имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

**- Што се подразбира под поимот краен потрошувач?**

**- Дали под крајни потрошувачи спаѓаат правни лица т.е. јавните институции (Локални самоуправи, Министерства, болници, училишта итн), или само физички лица т.е. домаќинствата?**

(опис на информацијата која се бара)

Форма во која се бара информацијата:
- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- г) електронски запис
- д) друго------------------------------------------------------------------------

(се наведува бараната форма, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:
- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- г) е-маил
- д) друго------------------------------------------------------------------------

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

[redacted]

(Правна поука: Барателот не е должен да ги наведе и образложи причините за барањето, но треба да наведе дека станува збор за барање за слободен пристап до информација од јавен карактер)

Во Штип

Подносител: